Предлагач : Градоначалник на ЕЛС Кр.Паланка
Сашко Митовски

Изготвувач : Општина Крива Паланка
Одделение за финансиски прашања

# ГОДИШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2024 ГОДИНА

Март, 2025 година

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 год.) и член 33 , став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( „ Службен весник на РМ “ бр.61/04 , 96/04 , 67/07, 156/09 , 47/11 , 192/15 и 209/18 и Службен весник на РСМ бр. 244/19 , 53/21 , 77/21 , 150/21 , 173/22 , 170/24 и 37/25 ) , и член 14 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08/10 ; 08/14 ; 02/18 ; 03/19 , 08/21, 01/23 , 05/23 ,14/23,05/24 и 09/24 ), Советот на Општина **КРИВА ПАЛАНКА** на **51 -та** седница, одржана на **14.03.2025 година**, донесе :

## ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2024 ГОДИНА

### Член 1

Завршната сметка на Буџетот на Општината **КРИВА ПАЛАНКА** за **2024** година , се состои од :

| | Планирано | Остварено |
|---|---|---|
| **I. ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **562.978.752** | **499.976.672** |
| Даночни приходи | 69.128.000 | 73.162.103 |
| Неданочни приходи | 15.753.538 | 16.954.085 |
| Капитални приходи | 33.071.171 | 32.987.932 |
| Приходи од дотации | 290.265.401 | 281.210.832 |
| Приходи од трансфери | 103.593.642 | 85.417.680 |
| Приходи од донации | 51.167.000 | 10.244.040 |
| **II. ВКУПНИ РАСХОДИ** | **707.956.235** | **510.840.578** |
| Од утврдени намени | 707.616.235 | 510.576.448 |
| Расходи од резерви | 340.000 | 264.130 |
| **III. ДЕФИЦИТ / СУФИЦИТ** | **-144.977.483** | **-10.863.906** |
| **IV. ФИНАНСИРАЊЕ** | **144.977.483** | **10.863.906** |
| **Прилив** | 152.347.483 | **18.232.944** |
| Приливи од домашни задолжувања | 107.000.000 | 0 |
| Приливи од странски заеми | 0 | 0 |
| **Депозит** | **45.347.483** | **18.232.944** |
| **Одлив** | **7.370.000** | **7.369.038** |
| Отплата на главница | 7.370.000 | 7.369.038 |

**Член 2**

Планираните и остварените приходи и приливи по извори и видови , односно планираните и извршените расходи и одливи по основни намени , се искажани во Билансите на приходи и расходи на Годишната сметка на Буџетот на единиците на локална самоуправа **КРИВА ПАЛАНКА** за 2024 година и тоа:

*Салдото на сите сметки на Буџетот на Општината Крива Паланка на 31.12.2024 година изнесува :*

**Салдо на 31.12.2024 година : ............................................................................ 23.279.051**

**- Буџетска сметка : ............................................................................ 7.707.672**
**- Наменска сметка - дотации : ............................................................ 9.808.247**
**- Самофинансирачка сметка : ............................................................ 5.293.412**
**- Донаторска сметка : ............................................................................ 469.720**

Салдото на основниот буџет во износ од **7.707.672** денари се пренесува како прилив на основниот буџет на Општина Крива Паланка за 2025 година .

Салдото на буџетот на дотациите во износ од **9.808.247** денари се пренесува како прилив на буџетот на дотации на Општина Крива Паланка за 2025 година .

Салдото на буџетот на самофинансирачките активности во износ од **5.293.412** денари се пренесува како приход на буџетот на самофинансирачките активности на Општина Крива Паланка за 2025 година .

Салдото на буџетот на донации во износ од **469.720** денари се пренесува како приход на буџетот на донации на Општина Крива Паланка за 2025 година .

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови , односно планираните и реализираните расходи по основи намени се искажани во билансите на приходи и расходи .

**Член 4**

Во посебниот дел на Годишната сметка на Општина Крива Паланка за 2024 година се искажани планираните и извршените расходи по програми , сметки и основи намени .

**Член 5**

Општиот дел на Годишната сметка на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка за 2025 година .

**Бр. 09 – 1544/31**
**14.03.2025 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**

Врз основа на член 14 став1 точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “бр.8/10 ; 08/14 ; 02/18 ; 03/19 , 08/21 , 01/23 , 05/23 , 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на **51 – та** седница, одржана на **14 . 03 . 2025 година** , донесе:

# О Д Л У К А

## За усвојување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година

1. Се усвојува завршната сметка на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09 -** 1544/31
**14.03.2025 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СОВЕТ НА ОПШТИНАТА * ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА